Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКА И БУЏЕТСКА РЕАЛИЗАЦИЈА**

**на**

**Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата 2018**

1. **Опис на постигнувања**

- **Краток статистички приказ на движењето на новороденечката и матерналната смртност во одреден временски период генерално за целокупното население;**
- **Краток статистички приказ на движењето на новороденечката и матерналната смртност во одреден временски период кај ранливите категории на граѓани;**

| ***Индикатор*** | ***2010*** | ***2011*** | ***2012*** | ***2013*** | ***2014*** | ***2015*** | ***2016*** | ***2017*** | ***Разлика 2016/ 2017*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на живородени деца | 24296 | 22770 | 23568 | 23138 | 23767 | 23075 | 23002 | 21754 | ↓ |
| Матернална смртност (на 100.000 живородени) | 8,2 | 4.4 | 4.2 | 4.3 | 12.7 | - | - | | → |
| Перинатална смртност (на 1000 родени) | 12,6 | 12.3 | 12.8 | 14.3 | 12,7 | 12.8 | 16.0 | 14.8 | ↓ |
| Доенечка смртност (на 1000 живородени) | 7,6 | 7.5 | 9,7 | 10.2 | 9,9 | 8.6 | 11.9 | 9.2 | ↓ |
| Смртност на деца под 5 години (на 1000 живородени) | 8,3 | 8.6 | 11.0 | 11.3 | 10,7 | 9.7 | 13.1 | 10.4 | ↓ |
| % на живородени со ТТ под 2500 грама | 7,8 | 7.0 | 7,2 | 7.4 | 7,2 | 7.6 | 8.2 | 8.5 | ↑ |

Матерналната смртност е еден од главните индикатори на здравствената состојба на жените во репродуктивен период, но во исто време претставува и индикатор на квалитетот и организацијата на здравствената дејност. Мерењето на стапката на матерналната смртност е комплексен процес и во Р.Македонија овој индикатор има осцилаторен тек.

**Во 2015, 2016 и 2017 година нема регистрирано ниеден смртен случај на жена во репродуктивен период од матернални причини за смрт, што укажува на ризик од субрегистрација, најчесто поради мискласификација, што го доведува во прашање значењето на овој индикатор во анализата на здравствената состојба на жените поврзана со бременоста и мајчинството.**

**Перинатална смртност**

Стапката на перинаталната смртност, детерминирана од бројот на мртвородените и бројот на умрени доенчиња во раниот неонатален период, во голема мера зависи од здравствената состојба на мајката и несоодветно водење на комликациите за време на бременоста и породувањето како и квалитетот на здравствената заштита на новороденото во текот на првите часови по породувањето.

Во Р.Македонија стапката на перинаталната смртност има осцилаторен тек и во 2017 година изнесуваше 14,8 на 1000 родени (Таб.14). Во однос на 2016 година, перинаталната смртност е намалена како резултат на намалениот број на умрени доенчиња од 0-6 дена (Таб.14). Во истата година има регистрирано вкупно 192 мртвородени или стапка на мртвороденост од 8,7 на 1000 родени.

Според возраста на мајката, стапката на мртвороденост е највисока кај возрасната група над 40 години (17,2 на 1000 родени) Кај прворoдените деца е највисока стапката на мртвороденост (18,2 на 1000 родени). Според етеничка припадност на мајката, во 2017 година највисока стапка на мртвороденост е забележана кај Албанците. Сигнификантни разлики има кај возраста на мајката и редот на раѓање на детето. Возраста на мајката е значаен ризик фактор кој учествува во детеминирање на стапката на мртвороденост.

**Активностите предвидени со Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата за 2018 годинасе воглавно групирани во 5 категории:**

**1. Активности за мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и проценка на ефикасноста и достапноста на здравствените сервиси:**

- стручно-методолошки надзор-теренски посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентната патронажна служба и Ромските здравствени медијатори;
- функционирање на Државен центар за репродуктивно здравје; Стручно-методолошка помош од страна на Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство на породилиштата низ државата; Изработка на софтвер за внес на податоци и Подготовка на Перинатален Извештај.- евидентирање на податоци за секоја смртност на доенче и родилка од страна на здравствените установи и достава до Државен центар за репродуктивно здравје;
- собирање, обработка и анализа на доставените податоци од породилиштата за перинатална грижа од страна на Државен центар за репродуктивно здравје и задолжително доставување на квартални извештаи до Комитетот за безбедно мајчинство при Министерство за здравство.
- обезбедување на бесплатна Фолна киселина за секоја бремена
- функционирање на Центар за упатување на клинички третман на жртви од сексуална злоупотреба во трите града каде центрите се воспоставени и тоа во Скопје, Куманово и Тетово
- бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени неосигурани жени, жени Ромки, жени од социјално ранливи категории и лица без идентификација и бесплатно болничко лекување на доенчиња од неосигурани мајки, жени Ромки, жени од социјално ранливи категории и лица без идентификација и

- набавка на современи контрацептивни средства (орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи категории (Ромки, корисннички на социјална помош, жени со репетитивни абортуси).

**2. Активности за здравствена промоција и унапредување на здравственото однесување: Едукација на населението и промотивни кампањи**

-промоција на Европската недела на имунизација, вклучително локални активности фокусирани на ромските заедници и руралните средини,

- спроведување на едукативни работилници во ромски и рурални средини за детско здравје, важност за имунизација, здрава бремености мајчинство, доење од страна на превентивните тимови и патронажни сестри со особен осврт на 11 општини во кои претежно живеат Роми: Шуто Оризари, Карпош, Виница, Делчево, Пехчево, Битола, Прилеп, Тетово, Гостивар, Штип и Куманово со планиран опфат на околу 2.4000 лица и

-промоција на Светската Недела на доење.

**3. Јакнење на капацитетите на здравствени работници кои обезбедуваат здравствена заштита на деца и жени во репродуктивен период:**

- обука на здравствени работници (матични лекари, медицински сестри, патронажа, матични гинеколози) за семејно планирање согласно подготвената тренинг програма,
- едукативни работилници за патронажни сестри и превентивни тимови за значењето на доењето за раниот детски развој,
- едукативен материјал (брошура) за здрава бременост и доење и дистрибуција на истата до бремените жени,
- изготвување на Информација за здравствената состојба на мајките и децата за 2017 година,
- обуки на здравствени работници од примарна здравствена заштита за превенција и менаџмент на родово базирано насилство,
- изработка на едукативни брошури за семејно планирање наменети за млади и жени на македонски и албански јазик и
- печатење на Прирачник за родители.

**4. Активности за рана детекција на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца:**

-спроведување на тиреоиден скрининг кај сите новородени деца во Република Македонија,

-неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања,

-скрининг за цистична фиброза,

- обуки на здравствени работници кои работат во превентивни тимови за препознавање на аутизам,
- воведување на M-chat како задолжителен скрининг на сите деца на возраст од 18 и 24 месеци во задолжителни систематски прегледи на деца на предшколска возраст.

**5. Јакнење на интерсекторска соработка и соработка со локалната заедница**

- одржување на работилница за претставување на активностите на оваа програма, за мајки и деца на потенцијалните партнери во реализација на оваа програмата особено во работата со ранливите групи до кои е потешко да се пристапи,
- одржување на координативни состаноци со претставници од единиците на локалната самоуправа, граѓански здруженија, претставници на ромски заедници, ромски невладини организации, женски организации, ОН организации, Светската здравствена организација и УНИЦЕФ.

Наративен извештај :

*Во тек на 2018 година се реализирани следниве активности од предвидените во Програмата :*

**Активности за мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и проценка на ефикасноста и достапноста на здравствените сервиси:**

**- спроведени се 10** Стручно-методолошки надзор-теренски посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентната патронажна служба и Ромските здравствени медијатори;

- Функционирање на Државен центар за репродуктивно здравје преку Стручно-методолошка помош од страна на Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство на породилиштата низ државата; Подготовка на Перинатален Извештај за 2018 година

обезбедена е доволна количина на бесплатна Фолна киселина за секоја бремена од страна на Здравствен дом Скопје

- воспоставено е функционирање на Центар за упатување на клинички третман на жртви од сексуална злоупотреба во трите града каде центрите се воспоставени и тоа во Скопје, Куманово и Тетово преку 3 координаторки кои се номинирани од страна на јавните здравствени установи .

- повторно се обезбедени бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени неосигурани жени, жени Ромки, жени од социјално ранливи категории и лица без идентификација и бесплатно болничко лекување на доенчиња од неосигурани мајки, жени Ромки, жени од социјално ранливи категории и лица без идентификација .

**Активности за здравствена промоција и унапредување на здравственото однесување:**

<u>**Едукација на населението и промотивни кампањи**</u>

Се спроведе Кампања за Европската недела на имунизација, каде неа вклучени локални активности фокусирани на ромските заедници и руралните средини, со цел зголемување на опфатот на имунизацијата

-Се одбележа Светската Недела на доење

**Јакнење на капацитетите на здравствени работници кои обезбедуваат здравствена заштита на деца и жени во репродуктивен период**

- се реализираа 4 обука на здравствени работници (матични лекари, медицински сестри, патронажа, матични гинеколози) за семејно планирање согласно подготвената тренинг програма,

- одржани се 2 едукативни работилници за патронажни сестри и превентивни тимови за значењето на доењето за раниот детски развој,

- подготвен е едукативен материјал (брошура) за здрава бременост и доење и дистрибуција на истата до бремените жени,

- изготвена е Информација за здравствената состојба на мајките и децата за 2018 година,

- спроведени се 4 обуки на здравствени работници од примарна здравствена заштита за превенција и менаџмент на родово базирано насилство,

- изработка на едукативни брошури за семејно планирање наменети за млади и жени на македонски и албански јазик и

- печатење на Водич за родители.

**Активности за рана детекција на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца:**

Се спроведе тиреоиден скрининг кај сите новородени деца во Република Македонија,

-се спроведе неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања,

-се одпочна со скрининг за цистична фиброза,

- се спроведоа 4 обуки на здравствени работници кои работат во превентивни тимови за препознавање на аутизам,

- преку овие обуки се овозможи воведување на M-chat како задолжителен скрининг на сите деца на возраст од 18 и 24 месеци во задолжителни систематски прегледи на деца на предшколска возраст.

**Јакнење на интерсекторска соработка и соработка со локалната заедница**

- одржани се 2 координативни состаноци со претставници од јавните здравтсвени установи, граѓански здруженија, претставници на ромски заедници, ромски невладини организации, женски организации, ОН организации, УНФПА,Светската здравствена организација и УНИЦЕФ во насока на планирање на идни активости.

**2. Преглед на исплатени средства по извршители на програмата**

| Извршител | Износ на исплатени средства |
|---|---|
| Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје | 1.850.000,00 |
| Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство/ Државен Центар за хумана репродукција/ Центрите за упатување на клинички третман на жртви од сексуална злоупотреба/работилници за бремени жени (и породени жени) и нивните партнери или лица за поддршка и практични вештини во врска со одржување на здрава бременост, лесно и свесно породување | 1.828.000,00 |
| Медицински факултет Скопје-Центар за семејна медицина, | 540.000,00 |
| Универзитетска клиника за детски болести | 7.240.000,00 |
| 16 Општи болници Клинички болници и Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје за бесплатни прегледи во тек на бременост | 7.540,000,00 |

Подготвил: _Нермина Факовиќ___________________________

Одобрил:      _Прим д-р Зоран Стојановски ______________________________

_____________________________________________________________________